Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 183/13, 42/14,44/15,129/15,192/15,39/16,28/18,65/18 и 99/18),Градоначалникот на Општина Кратово на ден 04.04.2023 година, донесе

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

**1.** За планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на прибранска хидроцентрала до 1MW на брана Кнежево и приклучување на 10(20) kv електричен вод,општина Кратово ,кој се носи согласно Законот за Урбанистичко планирање не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

**2.** Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Кратово: www.opstinakratovo.gov.mk.

**3.**Согласно критериумите за определување на тоа дали еден планскин документ има влијание врз животната средина од член 65 став 4 од Законот за животна средина и врз податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата,содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на прибранска хидроцентрала до 1MW на брана Кнежево и приклучување на 10(20) kv електричен вод,општина Кратово , нема да има влијание врз животната средина од следните причини: на површината на предметниот локалитет се предвидени класи на намена што при реализација на предвидените класи на намена не постојат основни индикации за значајни влијанија врз животната средина и на просторот во непосредната околина.

**4.** Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Бр.08-558/1
04.04.2023год.
Кратово

Градоначалник
на општина Кратово
**Тодорче Николовски**

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на прибранска хидроцентрала до 1MW на брана Кнежево и приклучување на 10(20) kv електричен вод,општина Кратово |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | ИНГРА ДООЕЛ Скопје |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Градоначалник на Општина Кратово |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Анче Димитриевска Толевска |
| Назив на работното место | Планер |
| Контакт податоци за лицето | 075 406 062 |

| **Основни податоци за планскиот документ** | | | |
|---|---|---|---|
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) | | | |
| Планската документација ќе биде работена врз основа на методологијата која произлегува од одредбите утврдени со Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на Р.С.М. бр.32/20), Правилникот за поблиска содржина размер и начинот на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. Весник на РМ бр. 142/15), и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.С.М бр. 225/20,219/21,104/22). | | | |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот? | | | |
| Да X<br>Не ☐ | | | |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување? | | | |
| За предметниот плански документ не постои урбанистичка документација | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа. | | | |
| ДА – урбанистичко планирање. | | | |
| Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5) | | | |
| | | | |
| Да √<br>Не | Член: 3 | Точка: 5 | Алинеја: 1 |
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. | | | |
| /. | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. | | | |
| Да,површина 2338,72м$^2$ | | | |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. | | | |
| Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на прибранска хидроцентрала до 1MW на брана Кнежево и приклучување на 10(20) kv електричен вод,општина Кратово ги зацртува основните правци на просторниот развиток на општината согласно Просторниот план на Републиката со цел да се постигне оптимална просторна организираност и функционална опременост на просторот за одреден временски период. УП се базира на погодностите кои ги нуди природата и создадените вредности на човекот, како и следните претходни работи:<br>• Анализа на природните погодности и достигнатиот степен на развиток во просторот кој е предмет на изработка на оваа урбанистичка документација;<br>• Согледување на потребите, можностите и потенцијалите на идниот развиток;<br>• Проекција на развојот е диктирана со очекуваниот демографски, стопански и просторен развиток на Кратово во чиј атар се наоѓа предметниот локалитет.<br>На база на резултатите од претходните согледувања при создавање на програмската основа на Планот се дефинира следното: развиток на стопанството и распределба на населението и активностите поврзани со неговиот живот и активности во рамките на утврдениот простор за развиток.<br>Изработката на овој план, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација,инфраструктурна опременост и уреденост на просрторот и се разбира економски ефекти манифестирани преку привлекувања на нова работна сила и вработување, доколку е базирана врз принципите на одржлив развој и се одликува со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина. | | | |

| |
|---|
| Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) |
| Планирање на просторот. |
| Периодот за донесување на планскиот документ. |
| трајно |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години? |
| / |

Простор или бласт опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)



| |
|---|
| Предметниот плански опфат за кој се изработува Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на прибранска хидроцентрала до 1MW на брана Кнежево и приклучување на 10(20) kv електричен вод,општина Кратово е во површина од 2338,72м$^2$. |
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
| Да √<br>Не |
| Дали е приложена копија од целите? |
| Да ☐ |

| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
|---|---|
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br>Влијание врз подземните и површинските води, влијание врз почвата, влијание врз пределот, влијание врз биодиверзитетот, влијание во однос на генерирање на отпадот и влијание врз амбиентниот воздух. | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата; | При изградба на планскиот опфат предвиден со планската документација се очекува движење на возила и механизација, но тоа е краткотрајно и нема да битно влијае врз животната средина во целост. Со реализација на планскиот документ ќе се постигне рационално искористување и уредување на просторот. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Со оглед на локацијата на која се предвидува реализацијата на оваа планска содржина не се очекува дека ќе има нарушување на квалитетот на воздухот во поширокиот регион или климатски промени и ќе биде во насока на подобрување на климатските промени. |
| Прекугранична природа на влијанијата; | Нема. |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина може да се јават како резултат на несреќи, пожари и хаварии. |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Општината Кратово граничи со општините: Куманово, Крива Паланка, Свети николе, Пробиштип и Кочани и спаѓа во помалите општини во Република Македонија со околу 7500 жители, а по територија зафаќа 376 километри квадратни.<br>Општината Кратово ја сочинуваат градот и 31 населено место: Шлегово, Приковци, Железница, Туралево, Живалево, Филиповци, Секулица, Вакуф, Шопско Рудари, Татомир, Коњух, Пендаќ,Димонце, Страцин, Троновац Крилатица, Талашманце, Куклица, Кетеново, Тополовиќ, Горно Кратово, Нежилово, Кавrак, **Кнежево,** Емирица, Којково, Мушково, Куново, Луково и Близанци. |
| Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се: | |
| Демографски пораст и предизвикување позитивни ефекти врз целото непосредно | |

| | |
|---|---|
| опкружување, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, развој на стопанството. | |
| Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Новопредвидените активности во планскиот опфат ќе бидат извори на емисии во воздух, вода, бучава, отпад, но се очекува истите да бидат контролирани и сведени во границите на максимално дозволени концентрации дефинирани во согласност со националното законодавство. | |
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | Нема податоци |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | Нема гранични вредности. |
| Интензивна употреба на земјиштето | нема |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Нема. |
| Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:<br>Со донесувањето на овој план ќе следат и поголеми странски и домашни инвестиции од различни сфери од економијата. Со планот се создаваат предуслови за развој на локалната економија и ефектуирање на даночната обврска на сопствениците за плаќање данок на имот што претставува значаен извор на приход на локалната самоуправа. Овој приход мултиплицирано ќе овозможи зголемување на фондовите на општината и развој на повеќе дејности од нивна надлежност со што ќе се овозможи повисок степен на задоволување на потребите и зголемување на квалитетот на услугите кои што локалната самоуправа ги дава на своите граѓани. | |
| Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):<br>Не постојат резиденцијални објекти. | |
| Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:<br>(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)<br>Во современото планирање на просторот задачите на заштита на природата се усмерени особено на активно уредување и заштита на природата и животната средина, санирање на можни штети и повторно воспоставување на природната средина. Заштитата на природата ја опфаќа заштитата на биолошката разновидност, заштитата на пределската разновидност и заштитата на природното наследство. Недоследното почитување на законите во делот на заштитата на животната средина може да се очекуваат влијанија врз здравјето на човекот и животната средина. Тоа подразбира емисии во воздух, отпадни води, генериран отпад итн.<br>Со реализацијата на планот на конкретниот опфат не се загрозуваат природни реткости.<br>Во стратегиското планирање акцентот на развојот треба да се стави на контролирани емисии во медиумите, одржливо искористување на ресурсите и отпадот и примена на мерки за енергетска ефикасност. Од аспект на одржливост, донесувањето на планот позитивно ќе влијае врз: | |

- Привлекување на нова работна сила и вработување, намалување на сиромаштијата;
- Допринос во локалната и национална економија.

Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.
(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)
Неправилно управување со отпадот, неправилно постапување со отпадните води од објектите може да доведат до загадување на животната средина и здравјето на човекот. Сите овие идентификувани проблеми во голема мера ќе се намалат и успешно решат со примена на мерките кои ќе бидат дадени во Стратегиската оцена на животна средина. Особено важен аспект кој треба да се разгледува на ниво на Основен проект е безбедност од инцидентни случувања, хаварии и поплави.

Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.

Овој план е поврзан со:
- Просторен план на РМ;
- Стратегија за управување со води во РМ 2008-2020;
- Национален план за управување со отпад;
- Национална стратегија за економски развој на РМ 1998;
- Национална стратегија за одржлив развој;
- Втор национален еколошки акционен план на РМ;
- Стратегија за демографски развој на РМ;
- Стратегија за подигање на јавната свест во животната средина;
- Стратегија за мониторинг на животната средина.

Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.
Нема спроведено претходна оценка.

Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).
Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроводување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот.

| | | |
|---|---|---|
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. | |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | | Градоначалник<br>на општина Кратово<br>**Тодорче Николовски** |
| Датум 04.04.2023 год.<br>Место Кратово | | М.П. |